Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *граѓанско образование* за I (прва) година на средното стручно четиригодишно образование за учебната 2020/2021 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# Граѓанско образование

I година

Септември

2020 година

СРЕДНО СТРУЧНО ЧЕТИРИГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет *граѓанско образование* за I година од средното стручно четиригодишно образование се базира на целите/резултатите од учење предвидени со модуларната наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/резултатите од учење, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на модуларни единици и наставни содржини

| **Модуларна единица 1: ГРАЃАНСКИ ИДЕНТИТЕТ – ПРЕТСТАВА ЗА СЕБЕ КАКО ГРАЃАНИН (11 часа)** |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Свесност за сопствениот идентитет<br>2. Препознавање и развој на сопствените особини и вештини<br>3. Контрола на однесувањето<br>4. Етичност<br>5. Изразување на емоции |

| **Модуларна единица 2: ГРАЃАНСКА ПОВРЗАНОСТ (15 часа)** |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Комуникација<br>2. Разгледување различни гледишта и ставови<br>3. Припадност кон заедницата<br>4. Хуманост<br>5. Прифаќање и почитување на различностите<br>6. Мултикултурализам и интегрирано живеење<br>7. Справување со конфликти |

| **Модуларна единица 3: ГРАЃАНИН ВО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО (18 часа)** |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Улогата на граѓанинот во општеството<br>2. Права и одговорности<br>3. Граѓанинот и одржливиот развој<br>4. Граѓанинот како иноватор и претприемач<br>5. Граѓанинот како потрошувач и штедач<br>6. Граѓанските организации и групите на застапување<br>7. Медиумите во демократското општество<br>8. Религијата во општеството<br>9. Културата, културните институции и културниот идентитет |

| **Модуларна единица 4: ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА (13 часа)** |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Демократски вредности<br>2. Власта во функција на граѓаните<br>3. Како е организирана власта во Република Северна Македонија<br>4. Владеење на правото<br>5. Изборите и демократските процеси во општеството<br>6. Општествената улога на државната и јавната администрација |

| **Модуларна единица 5: ГРАЃАНИНОТ И СВЕТОТ (7 часа)** |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Глобализација на општествата<br>2. Република Северна Македонија во меѓународните организации<br>3. Република Северна Македонија дел од Европа |

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *граѓанско образование* за I година од средното стручно четиригодишно образование е редовната модуларна наставна програма (цели на наставната програма, резултатите од учењето, поими, предложените активности и методи и стандардите/индикаторите за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување). Таа е соодветна на развојните карактеристики на учениците, а дидактичките елементи коишто се карактеристични за наставата во средно образование се одмерени на психофизичките способности на ученикот.

Наставниците по граѓанско образование своите планирања и подготовки за наставата треба да ги развиваат врз основа на резултатите од учење и стандардите/индикаторите за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување по модуларни единици и содржини кои се дадени во скратената наставна програма со соодветен избор на методи и активности во наставниот процес. Планирањето опфаќа задачи и активности кои треба да се извршат во одредено време за остварување на поставените резултати од учењето, но и начините за контрола и проценка на постигнатите резултати преку стандардите/индикаторите за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување. Со планирањето се избегнува стихијноста во воспитно-образовниот процес, а пак појдовната точка за изготвување на планирањето е рефлексијата.

Специфичноста на наставниот предмет во наставата ја дава суштинската задача и во скратените наставни програми, а тоа е учениците да се оспособуваат да го применуваат знаењето, да изградат свои ставови, интереси и размислувања кои ќе придонесат да бидат активни, да го збогатат нивното ученичко учество и потоа да го унапредат граѓанското општество како возрасни граѓани.

Скратената наставната програма по граѓанско образование може успешно да се реализира во наставата со примена на методи и активности за поттикнување на продлабочено учење со разбирање и расудување, кооперативност, работа во групи, како и со самостојно истражување и откривање на знаењето. Наставниците по граѓанско образование треба да придонесат за создавање демократска училишна клима, низ истражувачките активности, проектни работилници, учениците да го изнесуваат своето

мислење, да прифаќаат вредности, да се воспитуваат во духот на соработката, хуманоста, емпатијата, ненасилната комуникација, недискриминацијата и почитувањето на различностите.

4. **Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет *граѓанско образование* за I (прва) година од средното стручно четиригодишно образование ја утврди

**Арх. Бр. 13-9335/9**

**16.9.2020 година**

**Министер за образование и наука,**

**Мила Царовска**